АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 23.04.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3086 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Сите радиодифузери согласно Регистарот на радиодифузери што емитуваат телевизиска програма и Регистарот на радиодифузери што емитуваат радио програма од 23.04.2015 година.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 април 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши со цел да се констатира дали радиодифузерите ја исполниле обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми, според која се должни до 31 март во тековната година, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата да и достават податоци за: сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување; податоци за одговорниот уредник/уредници; податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично); податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и; податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

5. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот е констатирано дека сите 135 радиодифузери **ја исполниле** обврската од член 13 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***